| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. Чешма, КО Агино село, општина Куманово |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Стефан Лазаревски, диа<br>бр. на овластување 0368 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | телефон: 070/511-131 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. Чешма, КО Агино село, општина Куманово, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:<br>• Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20);<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20);<br>• Закон за јавните патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15,116/15, 150/15, 31/16 и 71/16);<br>• Правилник за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот (Сл. Весник на РМ бр. 110/09 и 163/09 и 26/10 и 163/10, 94/11 и 146/11)<br>• како и со почитување на друга законска регулатива што го допира планирањето и намената на просторот. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да X<br>Не |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија.<br>Следствено, локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. Чешма, КО Агино село, општина Куманово со технички бр. Y21421 од септември 2021 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1363/2021 од 14.09.2021 година. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање и транспорт.<br>Реализацијата на Урбанистичкиот проект ќе биде во функција на развој на локалната економија и согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија и треба да биде поставена врз принципите за заштита на животната средина и одржлив локален и национален развој.<br><br>**<u>Националната траспортна стратегија 2018-2030 година</u>**<br>Главните цели на Националната траспортна стратегија се:<br>• Промоција на економскиот пораст со градење, подобрување, управување и одржување на транспортните услуги, инфраструктурата и мрежи за добивање на максимална ефикасност;<br>• Промоција на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа која воспоставува ефективни услуги за корисниците, како и активностите и областите во Република Македонија на кои им служи;<br>• Промоција на социјалниот фактор со поврзување на далечните и неразвиени заедници и зголемување на пристапноста на транспортната мрежа;<br>• Заштита на животната средина и подобрување на здравството со градење и инвестирање во јавниот транспорт и другите видови ефикасен и постојан транспорт кој ја намалува емисијата и потрошувачката на ресурси и енергија;<br>• Подобрување на безбедноста на патувањето со намалување на несреќите и подобрување на личната безбедност на пешаците, велосипедистите, возачите, патниците, и<br>• Подобрување на интеграцијата со олеснување на планирањето и издавањето интегрирани билети за патувањето и овозможувањето на редовна конекција помеѓу |

| |
|---|
| различните форми на транспорт.<br><br>**Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година**<br><br>• Модернизација на постојните и изградба на нови бензински станици.<br><br>Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија:<br>• Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;<br>• Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;<br>• Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти;<br>• Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин;<br>• Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;<br>• Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште;<br>• Рационално и одржливо користење на природните ресурси;<br>• Користење на обновливи извори на енергија;<br>• Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;<br>• Избегнување, спречување или намалување на бучавата. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Бензинската пумпна станица со придружни содржини на овој патен правец ќе предизвика позитивни имуплси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Бензинската пумпна станица меѓу другото ќе придонесе и кон развој на индустријата, од причини што транспортот е битен фактор за развој на производните дејности во смисла на обезбедување на повисока организација и интеграција на индустриските зони и комплекси, а бензинската станица како функција директно влијае врз квалитетот на транспортот преку услугите кои му ги обезбедува. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2022 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |

/

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпа станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма“ , КО Агино Село, општина Куманово, зафаќа површина од 23473,36м2 (2.35ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели КП бр. 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в. „Чешма“ , КО Агино Село, општина Куманово.








Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, несоодветното

| | |
|---|---|
| управување на почвата при изведбените работи. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Досегашниот просторен развиток на општина Куманово во чиј атар се наоѓа планскиот опфат го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои просторот и неговото пошироко опкружување ги поседува, а кои се откриени и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:<br>• Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби.<br>• Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период.<br>• Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката.<br>• Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето.<br>• Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот.<br>• Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Куманово на чиј простор се наоѓа предметната локација на бензинска пумпна станица со услужен центар, изнесува 105,484 жители, од кои 37.3% претставува расположлива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај. |

| | |
|---|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. Чешма, КО Агино село, општина Куманово, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.<br>Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 08-2073/2 од 12.10.2021 година, констатирано е дека на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат евидентирани недвижни добра археолошки локалитет „Мала Сарајлија“, идентификуван како населба од неолитско и римско време (викус), и археолошки локалитет „Романовско поле“, идентификуван како населба од железно и римско време.<br>Поради тоа а во согласност со одредбите од член 69 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Министерството упатува на контактирање со НУ Национален конзерваторски центар Скопје, како надлежна установа за заштита, при што истиот треба да изврши увид во границите на опфатот и да се произнесе со стручно мислење и утврдување соодветен режим на заштита.<br>Согласно Извештајот од извршен увид во границите на проектниот опфат на предметниот урбанистички проект бр. 08-404/3 од 25.10.2021 година, стручниот тим на НУ Национален конзерваторски центар Скопје констатира дека:<br>• На територијата на Агино Село, Општина Куманово се наоѓаат два евидентирани археолошки локалитети: „Мала Сарајлија“ и „Романовско Поле“;<br>• Во близина на границите на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти се наоѓа археолошкиот локалитет „Мала Сарајлија“, евидентиран како населба од неолитско и римското време (викус), со бр. 4-817-001/65 ЕНД. Лоциран е на северниот дел од селото, на место кое селото го викаат Сарајлија, на десната страна од Брзачка Река. Локалитетот не е пристапен за детална површинска проспекција.<br>• Од увидот, односно со површинска проспекција на самата локација за планираната бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, која опфаќа голема површина, откриени се само два фрагменти садова керамика со хронолошка припадност на доцниот неолит. И покрај деталната површинска проспекција на предметната локација не може да се препознаат археолошки остатоци, ни други до сега неевидентирани културни добра. Поради тоа, се претпоставува дека забележаните фрагменти керамика се донесени од просторот каде што е лоциран археолошкиот |

локалитет „Маја Сарајлија“.
Оттука, наведено е дека пред отпочнувањето на градежни и/или земјени работи, Изведувачот е должен да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор на земјените работи.

**Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности**

Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.

**Интензивна употреба на земјиштето**

Проектниот опфат се наоѓа вон градежен реон и во рамки на истиот нема изградено никакви постојни објекти, додека во однос на сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура, во рамки на проектниот опфат и во негова непосредна близина, изведен е постоен телекомуникациски инсталации, а покрај проектниот опфат поминува Магистралниот пат А1 (М1- Е75) - Граница со Србија - ГП Табановци – Куманово – Велес – Неготино - Демир Капија -Гевгелија - граница со Грција -ГП Богородица, со кој е овозможен пристап до предметната локација. Истиот е изведен со променлива ширина.

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО | | | | | | | ПРОЕКТЕН ОПФАТ_П=2.35ха | | | |
| Број на катастарска Парцела | Број на градба | Класа на намена | Намена | Состојба | Тип на градба | Катност | Површина на катастарска Парцела (м²) | Изградена површина (м²) | Бруто развиена Површина (м²) | Процент на изграденост (%) |
| Дел од 2669 | / | Е1 | улица | / | / | / | 1469.97 | / | / | / |
| Дел од 1192 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 204.58 | / | / | / |
| Дел од 1193/3 | / | Е1 | улица | / | / | / | 241.13 | / | / | / |
| Дел од 1194/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 269.80 | / | / | / |
| Дел од 1195/2 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 176.46 | / | / | / |
| Дел од 1197/2 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 763.65 | / | / | / |
| Дел од 1198/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 358.50 | / | / | / |
| Дел од 245/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 435.60 | / | / | / |
| Дел од 246 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 445.65 | / | / | / |
| Дел од 247/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 406.76 | / | / | / |
| Дел од 248/1 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 269.70 | / | / | / |
| Дел од 248/4 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 295.00 | / | / | / |
| Дел од 248/3 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 295.77 | / | / | / |
| Дел од 249/4 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 609.41 | / | / | / |
| Дел од 249/3 | / | Е1 | улица | / | / | / | 418.94 | / | / | / |
| Дел од 250 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 1398.89 | / | / | / |
| Дел од 251/2 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 259.24 | / | / | / |
| 252/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 263.38 | / | / | / |
| 252/1 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 2676.26 | / | / | / |
| 253 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 3014.98 | / | / | / |
| 254/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 368.55 | / | / | / |
| 254/1 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 2270.95 | / | / | / |
| 255/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 357.54 | / | / | / |
| 255/1 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 1685.13 | / | / | / |
| Дел од 256/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 274.71 | / | / | / |
| Дел од 257 | / | Е1 | улица | / | / | / | 208.98 | / | / | / |
| Дел од 258/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 984.91 | / | / | / |
| Дел од 259/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 755.19 | / | / | / |
| Дел од 260 | / | Е1 | улица | / | / | / | 70.53 | / | / | / |
| Дел од 261/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 250.57 | / | / | / |
| Дел од 262 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 255.37 | / | / | / |
| Дел од 263 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 1133.36 | / | / | / |
| Дел од 264 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 569.24 | / | / | / |
| Дел од 265 | / | / | градежно неизградено земјиште | / | / | / | 14.63 | / | / | / |
| | | | | | | Вкупно | 23473.36 | | | |

| | |
|---|---|
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планот ќе допринесе за развој во општина Куманово. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат;

Вода: на предметната локација се очекува да се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;

Почва: несоодветното управување со отпадот генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;

Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од природно наследство, додека на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат евидентирани недвижни добра археолошки локалитет „Мала Сарајлија", идентификуван како населба од неолитско и римско време (викус) и археолошки локалитет „Романовско поле", идентификуван како населба од железно и римско време;

Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;

Транспорт: зголемена фрекфенција на возила.

Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води може да

доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Како основа за изготвување на оваа урбанистичка документација послужија Услови за планирање на просторот за изработка на бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. Чешма, КО Агино село, општина Куманово, кои услови произлегуваат од Просторниот План на Р. Македонија, а изготвени од страна на Агенцијата за планирање на просторот.

Урбанистичкиот проект е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

Бензиската пумпна станица е во функција на развој и унапредување на инфраструктурната опременост на ова подрачје, а исто така има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во РМ.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Со овој Извештај за Стратегиска оцена на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, XII – Транспорт и складирање,

| | |
|---|---|
| точка 4. Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели (бензински пумпи и други точилници). | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 21-3273/4<br>Датум 18.07.2022 година<br>Место: Скопје | М.П. |